Су-01.бр.0102-37/19

Претседателот на Управен суд, согласно со член 88 и 92 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“бр.58/2006; бр.35/2008 и бр.150/2010), во врска со член 7 став 1 алинеја 4 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“бр.66/2013 и бр.114/2014), по одржаната седница на судиите, на 27.12.2019 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТА НА УПРАВЕН СУД ЗА 2020 ГОДИНА

Со оваа Програма се определуваат работите и задачите од делокругот на Управниот суд, а особено видот и бројот на предметите по кои Судот постапува, работите и задачите по однос на следењето и проучувањето на проблемите што произлегуваат од судската практика, а се од интерес за правилна и единствена примена на законите и друго.

Преку определување на работите и задачите што се во надлежност на овој суд, во вршење на судската функција утврдена со Уставот, законите и меѓународните договори, ратификувани во согласност со Уставот, се обезбедува примената на правото и заштита на човековите слободи и права.

Целите и функциите утврдени со оваа Програма, го опфаќаат следното:

1. Навремено и квалитетно решавање на предметите што се во надлежност на Судот;

2. Заштита и почитување на човековите права и слободи;

3. Непристрасно применување на правото без оглед на положбата и својството на странките;

4. Правна сигурност и создавање услови, секој човек да живее безбедно, во рамките на примената на правото;

5. Изготвување анализи, информации, укажувања и друго, коишто ќе помогнат во правилната примена на правото;

6. Средби и советувања, организирани од Академијата за судии и јавни обвинители, во врска со едукацијата на судиите и судските службеници, од Здружението на судии, како и од други органи и организации.

Во време на изготвување на Програмата за работа за 2020 година, во Управниот суд во Скопје се пополнети вкупно 32 судиски места вклучувајќи го и Претседателот на судот, од вкупно предвидените 33

Су-01.бр.0102-37/19

судиски места, вклучувајќи го и Претседател на суд, согласно Одлуката на Судски совет на Република Македонија. Имено, во текот на месец јули 2019 година, на еден од судиите на кого му мируваше функцијата судија на Управен суд поради што беше избран за Претседател на Виш Управен суд, истиот продолжи да ја извршува судиската функција судија на Управниот суд, а на крајот на месец декември 2019 година, на еден од судиите на кого му мируваше функција судија на Управен суд поради што беше избран за член на Судски совет, истиот продолжи да ја извршува функцијата судија на Управен суд, додека на еден судија му мирува функцијата судија во Управен суд, од причина што е избран за Претседател на Виш Управен суд.

Во текот на месец јули 2019 година, со Решение на Судски совет на Република Северна Македонија бр.02-1208/1 од 12.07.2019 година, со кое се става вон сила Решението за мирување на судиската функција на судија на Управен суд, бр.02-1253/1 од 15.07.2015 година, еден судија сметано од 11.07.2019 година продолжува да ја извршува судиската функција судија на Управниот суд.

Во текот на месец ноември 2019 година, со Одлука за избор на претседател на Виш управен суд бр.08-1598/1 од 03.10.2019 година и Решение за мирување на судиска функција бр.02-1826/1 од 12.11.2019 година, двете на Судски совет на Република Северна Македонија, на еден судија му е утврдено мирување на неговата судиска функција во овој суд поради избор за претседател на Виш управен суд, до истекот од мандатот за кој е избрана за претседател на Виш управен суд.

На крајот на месец декември 2019 година, со Решение на Судски совет на Република Северна Македонија бр.02-2067/3 од 19.12.2019 година, со кое се става вон сила Решението за мирување на судиската функција на, судија на Управен суд, бр.07-2220/1 од 30.12.2019 година, еден судија сметано од 27.12.2019 година продолжува да ја извршува судиската функција судија на Управниот суд.

На крајот на месец декември 2019 година, избрани се 2 (двајца) судии на Управниот суд, врз основа на Одлуката за избор на судија на Управен суд Бр.08-1599/1 од 03.10.2019 година, и Одлуката за избор на судија на Управен суд Бр.08-1600/1 од 03.10.2019 година, двете донесени од Судски совет на Република Северна Македонија.

Заклучно со денот на донесување на оваа Програма во Управниот суд се вработени: 65 судски службеници, 4 (четири) припадници на судската полиција и 2 вработени, кои што вршат технички работи. Воедно, во текот на 2019 година се спроведе постапка за вработување на 11 судски службеници на определено време, заклучно со 31.12.2019 година.

На почетокот на месец февруари 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, спроведе вработување на 2 (двајца) стручни судски службеници и тоа

Су-01.бр.0102-37/19

еден судски советник од Министерство за здравство и еден помлад судски соработник од Агенција за акредитација на квалитет на храна.

Во текот на месец мај 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, спроведе вработување на 1 (еден) помошно-судски службеник во писарница на судот, и тоа виш судски референт-извршител во писарница од Основен суд Куманово.

Во текот на месец јули 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување по јавен оглас, спроведе вработување на 3 (тројца) судски службеници, и тоа 2 (двајца) стручни судски службеници со звање виш судски соработник и судски соработник, како и 1 (еден) помошо-стручен судски службеник, со звање виш судски референт-извршител во писарница.

Во текот на месец септември 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување по јавен оглас, спроведе вработување на 4 (четворица) судски службеници, и тоа 3 (тројца) стручни судски службеници со звање: виш судски соработник, помлад судски соработник и судски советник, како и 1 (еден) помошо-стручен судски службеник, со звање помлад судски референт-извршител во писарница.

Во текот на месец ноември 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, спроведе вработување на 1 (еден) припадник на судска полиција од Основен граѓански суд Скопје.

Во текот на месец декември 2019 година, Управниот суд, во постапка за вработување по јавен оглас, спроведе вработување на 1 (еден) помошно-судски службеник со звање самостоен судски референт-сметководител.

Во текот на 2019 година, на еден судски службеник му престана работниот однос во Управен суд поради исполнување на услови за староcна пензија, и тоа: еден виш судски референт-извршител во писарница.

Во текот на 2019 година, на 6 (шест) лица, со кои беше склучен договор за вработување на определено време (заклучно со 31.12.2019 година), им престана работниот однос во Управен, и тоа: на еден виш судски соработник му престана работниот однос на ден 02.07.2019 година, на еден судски соработник му престана работниот однос на ден 02.07.2019 година, на еден помлад судски соработник му престана работниот однос на 04.09.2019 година, на еден судски референт (доставувач) му престана работниот однос на ден 04.09.2019 година, на еден помлад судски референт (извршител во писарница) му престана работниот однос на ден 02.07.2019 година и на возачот му престана работниот однос на ден 31.08.2019 година.

Во 2020 година потребни се минимум 15 вработувања на судски службеници: стручни судски службеници, административно судски

службеници во писарница и дактилографи, а со цел да може Управниот суд во целост да ја врши функцијата која ја има согласно прописите.

Административниот објект (административниот простор) во кој е сместен Управниот суд и ги извршува работите и задачите од својата надлежност, се наоѓа на ул.Орце Николов бб Скопје, и е сопственост на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта Скопје, и истиот Судот го користи врз основа на Договор за закуп склучен помеѓу АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ Скопје, закуподавач и Министерството за правда на Република Македонија, како закупец.

Со Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Управниот суд Бр.44-8928/1 од 25.09.2018 година донесена од Влада на Република Македонија, на Управниот суд му се дадени на трајно користење, без надомест, недвижни ствари-објекти кои се наоѓаат на улица „Даме Груев“ бр.28 на КП.бр.13479 за КО Центар 1 и Имотен лист бр.103028 КО Центар 1, сопственост на Република Македонија. Во текот на 2019 година е спроведена постапка за внатрешна адаптација, реновирање и реконструкција на новиот објект, кој согласно делокругот на работа и надлежностите на Управен суд, неопходно е да ги исполнува сите предвидени и потребни услови за функционирање на судот.

По доделување на објектот, од страна на Управниот суд, уште во 2018 година, спроведена е постапка за јавна набавка на услуга - изработка на проектна документација, како и постапка за јавна набавка на услуга – ревизија на проектна документација. Проектот за внатрешна адаптација со реновирање на постоен објект – зграда и извештајот за техничка контрола – ревизија на основниот проект се изготвени и доставени до Управниот суд. По доставување на ревидираниот проект, спроведена е постапка за набавка на работи – реновирање со внатрешна адаптација, за која постапка се обезбедени средства во износ од 30.000.000,00 денари со решение бр.01-197/33 од 31.01.2019 година за обезбедување на средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт за 2019 година, донесено од Судскиот Буџетски совет. Со оглед на тоа што најповолната понуда добиена во текот на постапката е со износ од 51.682.622,47 денари, со допис од 03.06.2019 година, Управен суд се обрати до Влада на Република Северна Македонија, со барање да се изнајде начин и да се вложат напори да се дообезбедат средства за целосно реализирање на рамковната спогодба. Од Влада на Република Северна Македонија, бевме известени дека има волја да се обезбедат средствата за целосна реализација на рамковната спогодба, но средствата ќе ни бидат доделени во моментот кога ќе се отпочне со градежните активности.

И покрај сите превземени дејствија од страна на Управен суд, за обезбедување на сите услови за реновирање на објектот и обезбедување на сите средства потребни за реновирање на објектот, Судот сеуште неможе да го добие во владение истиот, од причина што дел од службите на Министерството за транспорт и врски сеуште го користат објектот и неможе да се отпочне со градежни активности. Со допис, Управен суд, се обрати до Државното правобранителство да

превземе конкретни мерки за иселување на Министерството за транспорт и врски, но во одговор бевме само известени дека наведеното Министерство сеуште не е преселено од причина што финансискиот и техничкиот дел од постапката за реконструкција и надградба на објектот на Министерството, кој се наоѓа на ул.Црвена Скопско Општина бр.4, е во завршна фаза и истите сеуште немаат одобрение за употреба на објектот. Други конкретни мерки од страна на Државното правобранителство не се превземени. Со ова се оневозможува извршување на градежно занаетчиски работи за реновирање и адаптација кои се неопходни со оглед на тоа што објектот е постара градба и во голема мера е аморитизиран.

Со дописи од 21.05.2019 година и 08.08.2019 година, Управниот суд се обрати и до Судски совет на Република Северна Македонија како и до Министертсвото за правда, со цел да се превземат соодветни активности за надминување на проблемот со кој се соочуваме. Воедно, Управниот суд, се обрати до сите релевантни институции со барање да се преземат конкретни мерки за иселување на Министерството за транспорт и врски и ослободување на објектот, односно да се изнајде начин за надминување на настанатата состојба, од причина што доколку тоа не се стори сериозно ќе се доведе во прашање примената на Законот за управни спорови („Службен весник на РСМ“ бр.96 од 17.05.2019 година), кој треба да почне да се применува од 25 мај 2020 година.

За реализација на Програмата ќе се грижи Претседателот на Судот, судиите, судските службеници и другите вработени во Судот.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Во делокруг и функционална надлежност на претседателот на Судот, се предметите од судската управа и тоа: „СУ“; „СУ-01“; „СУ-02“; „СУ-03“; „СУ-04“; „СУ-05“; „СУ-ИЗЗ“; „СУ-ДОВ“; „СУ-СТР-ДОВ“; „УПП“ и „СПИ“.

Во текот на 2019 година, до моментот на донесување на Програмата, во уписникот „СУ“, се заведени 2250 предмети, во уписникот „УПП“ 745 предмети, а во уписникот „СПИ“ 38 предмети, при што споредбено со бројот на барањата што се евидентираа во наведените судски уписници во изминатиот период, очекуван број нови предмети во 2019 година, што ќе се евидентираат во уписниците „СУ“, би бил 2500 предмети, во уписникот „УПП“,1000 предмети, а во уписникот „СПИ“, 45 предмети.

Претседателот на Управниот суд, како судија на овој суд, нема да постапува и одлучува по распределените предмети преку автоматизираниот информационен систем за управување со предмети АКМИС во Специјализираниот судски одел за финансиски прашања,

Су-01.бр.0102-37/19

јавни набавки и други сродни права, а кои предмети се автоматски распределени заклучно со 31.08.2018 година, имајќи предвид дека од прием на нови предмети, Претседателот на судот, е исклучен од 01.09.2018 година, врз основа на донесена посебна одлука. Воедно, предметите на Претседателот на судот, кои се распределени а нерешени, со решение за прераспределба на предмети, ќе се прераспределат кај судијата Виолета Богојевска, која од ден 27.12.2019 година продолжува да ја извршува судиската функција судија на Управниот суд, а врз основа на Решение на Судски совет на Република Северна Македонија бр.02-2067/3 од 19.12.2019 година, со кое се става вон сила Решението за мирување на судиската функција на судија на Управен суд, бр.07-2220/1 од 30.12.2019 година.

Воедно, Претседателот на Управен суд, како судија на овој суд, непостапува и неодлучува и по предметите кои ќе се заведат во Управниот суд, по тужби кои произлегуваат од одредбите на Изборниот законик, а имајќи во предвид утврдените обврски на претседателот на Управниот суд, согласно Законот за судовите, во поглед на организирање на работата на судот и превземање на мерките за навремено и уредно вршење на работите во судот и согласно Судскиот деловник, во поглед на одобрувањето на фотографирањето, снимањето во судот и јавното прикажување, а особено во однос на навременето информирање на јавноста за работата на судот во текот на постапката на заштита на избирачкото право.

## РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Во означениот период со оваа Програма, работата на Управниот судот, ќе се извршува во рамки на три специјализирани судски оддели, согласно со член 12 од Законот за судовите („Службен Весник на РМ“ бр.58/06; бр.35/2008, 150/10, 83/18 и 198/18), и тоа:

### I - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ, ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА

Во рамките на овој оддел се формира совет кој ќе постапува и одлучува по предмети од имотно-правната област и други сродни права и истиот ќе одлучува за доделување на градежно земјиште; оттуѓување на градежно земјиште; запишување во катастар на недвижности; мерки на инспекциски надзор од областа на работните односи од областа на образованието; надомест за користење градежно земјиште; образование; одземање на корисничко право на градежно земјиште; предимствено право на користење на градежно земјиште; трансформација на правото на користење на градежно земјиште; утврдување содржина на недвижности; финансиска подршка за рурален развој, молчење на администрација од областа на финансиска подршка за рурален развој, спорт, судир на интереси и корупција, брисовни тужби; прекршоци од разни области; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот; сертификати (лиценци) од областа на

Су-01.бр.0102-37/19

одделот – советот; вештаци од областа на одделот – советот; субвенции од областа на одделот – советот; полагање за инспектор од областа на одделот – советот и управни договори од областа на одделот – советот.

Во рамките на овој одел се формираат два совета кои ќе постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на денационализацијата, урбанизмот, градежништвото и други сродни права и истите ќе одлучуваат за денационализација; деекспропријација и други основи од управно; експропријација; трансформација на претпријатија со општествен капитал; централен регистар; прекршоци од разни области; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот; разрешување од должност од органите на локалната самоуправа; ветеринарство; водостопанска согласност; воздухопловство; електронски комуникации; животна средина (во кој основ се вклучени зашита и спасување од природни непогоди, субвенции и мерки за заштита на животната средина-пелети); запирање на градба; комунална дејност; легализација; линиски превоз; мерки на инспекциски надзор од земјоделство; мерки на инспекциски надзор, мерки на инспекциски надзор од областа на линискиот превоз; мерки на инспекциски надзор од областа на одобрение за реконструкција, пренамена, адаптација; мерки на инспекциски надзор од областа на ветеринарство; мерки на инспекциски надзор од областа на комунална дејност; мерки на инспекциски надзор од областа на животната средина; мерки на инспекциски надзор од областа на лов; мерки на инспекциски надзор од областа на отстранување на градба, објект, времен објект; одлука за раскинување на договор за закуп; одобрение за вршење на дејност; железнички сообраќај одобрение за градење; одобрение за реконструкција, пренамена, адаптација; одобрение за употреба на објект; отстранување на градба, објект, времен објект; поврат на средства од субвенции; прекин на градба; радиодифузија, решение за локациски услови; станбени; риболов; урбано санациони мерки; уривање на објект; шумарство; поврат на средства и камата од областа на одделот – советот; заштита на споменици и културно наследство; култура (филмска дејност); вештаци од областа на одделот – советот; користење на паркинзи; прекршоци од разни области; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот; сертификати (лиценци) од областа на одделот – советот; субвенции од областа на одделот – советот; полагање за инспектор од областа на одделот – советот и управни договори од областа на одделот – советот.

## II - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ПЕНЗИИ, ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ЦАРИНИ, ЈАВНИ НАБАВКИ, КОНЦЕСИИ, ЈАВНИ ПРИВАТНИ ПАРТНЕРСТВА И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА

Во овој одел се формира совет кој ќе постапува и одлучува по предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување и други сродни права и истиот ќе одлучува за видување и доделување на деца; додаток на деца; други основи од управно, еднократна помош; земјоделска пензија; инвалидска пензија; лекување во земјата и во странство; мирновремена воена инвалиднина; надзорни мерки на

инспектор на труд; надомест на плата за скратено работно време поради нега на телесно и интелектуално попречено дете; надомест на трошоци за лекување во странство; надоместоци за набавени лекови и медицински помагала; најнизок износ на пензија; нов износ на пензија; паричен надоместок за телесно оштетување; помош и нега на друго лице; посвојување на дете; постојана парична помош; социјална парична помош; права од задолжително здравствено осигурување; права од здравствено - санитарен надзор и контрола; права на здравствена заштита; право на парична помош на мајка која родила четврто дете; придонеси за пензиското и инвалидското осигурување, придонеси за здравствено осигурување; приватна здравствена организација; професионална рехабилитација; додаток за глувост и мобилност; распоредување на други соодветни работи, прекфалификација, докфалификација и право на други надоместоци; семејна пензија; сместување во завод за рехабилитација на ретардирани лица; социјална помош; старосна пензија; старателство; усогласување на пензија; утврдување на стаж на осигурување - пензиски стаж; прекршоци од разни области; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот; сертификати (лиценци) од областа на одделот – советот; субвенции од областа на одделот – советот; полагање за инспектор од областа на одделот – советот и управни договори од областа на одделот – советот.

Во рамките на овој одел се формира и совет кој ќе постапува и одлучува по предмети од областа на царините, јавните набавки, концесиите, јавните приватни партнерства и другите сродни права и истиот ќе одлучува за авторски права; акцизи; банкарски работи; возилата; државјанството; други основи од управно, енергетика; живеалиште; комунална такса; концесии и јавно приватни партнерства; матичната евиденција; одбрана; оружјето; патните исправи; права од индустриска сопственост; прекршоци од областа на царините; престој; статус на бегалец – азил; судска такса; хартии од вредност; царини; деловен субјект; извршување на санкции; поврат на средства и камата од областа на одделот – советот; адвокати, медијатори, игри на среќа, класифициреани информации, заштита на лични податоци, разрешување од должност, економија, извршители, нотари, пристап до информации-јавен карактер, обвинители (престанок и разрешување од функција на обвинители, и кандидати за полагање на правосуден испит), јавни набавки, бесплатна правна помош, забрана за вршење на дејност, разрешување од должност-носители на јавна функција, прекршоци од разни области; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот; сертификати (лиценци) од областа на одделот – советот; субвенции од областа на одделот – советот; полагање за инспектор од областа на одделот – советот и управни договори од областа на одделот – советот.

**<u>III - СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА И ДРУГИ СРОДНИ ПРАВА</u>**

Во овој одел се формираат три совети, кои ќе постапуваат и одлучуваат по предмети од областа на персонален данок; данок на добивка; данок на додадена вредност; данок на имот: данок на промет; данок на наследство и подарок; евиденција и права по основ на невработеност; верификација на факти; кандидати за слушатели во Академија за судии и јавни обвинители; надоместок по основ на невработеност; прекршоци од областа на даноците; присилна наплата (тука спаѓаат и присилна наплата на радиодифузна такса и присилна наплата на комунална такса); работни односи; финансиски прашања од спорт, право на плата по престанувањето на функцијата (апанажа); финансирање на политички партии; поврат на средства и камата, прекршоци од разни области; разрешување од функција и должност од областа на одделот – советот ( од областа на финансиите), сертификати (лиценци) од областа на одделот – советот; субвенции од областа на одделот – советот; полагање за инспектор од областа на одделот - советот и управни договори од областа на одделот - советот.

Воедно, основот „јавни набавки", започнувајќи од 01.03.2020 година, од III-Специјализиран судски оддел за финансиски прашања и други сродни права, ќе се префрли во Советот кој ќе постапува и одлучува по предмети од областа на царините, јавните набавки, концесиите, јавните приватни партнерства и другите сродни права во рамките на II-Специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигирување, царини, јавни набавки, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права.

Доколку, пред Управниот суд се заведе управен спор, за основ кој со оваа програма, не е определен во надлежност на специјализираните одели, истиот ќе се заведе во Уписникот-УРП- Разни управни предмети.

Во Уписникот -УРП- се заведуваат и предметите по основ „изборно право" поврзани со Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр.40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/15; 35/16; 97/16; 99/16; 136/16, 142/16, 127/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) како и предметите заведни против одлуки на Државната комисија за спречување на корупција, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РСМ" бр.12/19), а донесени во врска со член 8-а, член 8-б и член 8-в од Изборниот законик.

Во Уписникот -УРП- се заведуваат и предметите поврзани со Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19)

Имајќи предвид дека во текот на 2018 година, во овој суд, вкупно биле заведени и оформени 7723 нормирани нови предмети, по кои се постапува во советите во рамките на специјализираните судски оддели, очекуван број нови предмети во 2019 година, би бил околу 8000.

Су-01.бр.0102-37/19

## ИЗГОТВУВАЊЕ АНАЛИЗИ, ИНФОРМАЦИИ, УКАЖУВАЊА И ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ

Со цел за подобрување на квалитетот на работата, во Управниот суд во 2019 година, ќе се изработуваат анализи, информации и укажувања со конкретни прегледи во зависност од актуелноста на определени правни прашања, проблеми во работата, а исто така судиите и судските службеници во тековната година, по потреба ќе изработуваат материјали за советување од определена област, при што во соодветниот оддел ќе се определуваат темите и лицата кои ќе ги изработуваат, како и времето на одржување на советувањето, а материјалот ќе треба да се верификува на соодветниот оддел, за што претседателите на советите, во рамките на одделот, ќе го известат претседателот на Судот.

Во текот на 2020 година ќе се изготват збирни прегледи и информации за работата по претставките и предлозите во тековната година, за движењето и решавањето на предметите во Управниот суд и за состојбата со решавањето на старите предмети.

## СУДСКА ПРАКСА

Се формира еден Совет за судска пракса, кој ќе постапува и обработува различни содржини кои вклучуваат одлуки на Управен суд, одлуки на Вишиот управен суд и извадени сентенци од тие одлуки, за карактеристичните случаи, кои би биле од корист за судиите при постапувањето по идни исти или слични предмети и воедначување на судската пракса, потоа континуирано ќе се следат сите законски измени, ќе се следат и начелните ставови, мислења и заклучоци на Врховниот суд кои се објавуваат во Судската пракса, како и Одлуките на Уставниот суд, а кои се од значење за предметите по кои постапува Управниот суд, вклучувајќи ги и одлуките донесени од Европскиот суд за човекови права.

## СТАРИ И ПРИОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ

Претседателот на Управниот суд ја следи работата на судиите, како и состојбата на стари нерешени предмети, непосредно и преку АКМИС, како и преку Работното тело за управување со предмети.

Работното тело за управување со предмети, предлага мерки за решавањето на старите предмети и изготвува Планови за решавањето на старите предмети. Претседателите на советите ќе се состануваат секои месец за решавањето на старите нерешени предмети.

Судиите да доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети, со наведување на причините за нерешавањето и да направат

сопствен план за временскиот период во кој предметите би се решиле во текот на 2020 година.

Во текот на 2019 година, новопримени стари предмети се 259 додека во 2018 година новопримени стари предмети се 389, што е за 33% намален бројот во 2019 во однос на 2018 година. Поради ова во работа во 2019 година има 384 стари предмети, а во 2018 година, 482 стари предмети. Од овие причини во 2020 година ќе се стави посебен акцент за намалување на остатокот од 37 стари нерешени предмети кои останале на крајот на 2019 година, од кои 19 предмети се презаведени поради укинување и 5 предмети поради повторување на постапка.

## СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА

Заради стручно усовршување, судиите и судските службеници во Управниот суд, како и другите вработени во судската служба, ќе се учествуваат на советувања, семинари и друг вид обуки, што ќе ги организираат Академијата за судии и јавни обвинители, судовите, Здружението на судиите, државните органи и разни странски организации и асоцијации. Притоа одлука за учество на советувањата и семинарите, ќе донесува претседателот на Судот и претседателите на соодветните оддели, во зависност од важноста на прашањата што ќе бидат тема на советувањата, а сите имаат право на подеднакво стручно усовршување.

## ДРУГИ ФОРМИ НА РАБОТА

Вработените во судската служба, работата ќе ја остваруваат во рамките на работните задачи, предвидени со актите на Судот и тоа што ќе им биде доверено во работа од страна на претседателот на Судот и судскиот администратор.

Секој вработен во судската служба е должен да дава месечен извештај за својата работа, во кој ќе ги евидентира извршените работи во текот на месецот, а кои ќе послужат при оценката на неговата работа.

Судската полиција, со која раководи претседателот на Управен суд, е должна да врши обезбедување на зградата на Судот, луѓето и предметите и да се обучува теоретски и практично, согласно со планот на претседателот на Судот.

Во текот на 2020 година, континуирано ќе се ажурираат податоците за WEB страната на Судот.

Од 01.01.2018 година, во функција е интерната WEB страна на Управен суд, на која се објавуваат сите потребни податоци и информации во врска со работата на Судот.

Су-01.бр.0102-37/19

Во текот на годината, Програмата соодветно би се дополнувала во согласност со согледаните позитивни или негативни појави, заради зголемување на ефикасноста и ажурноста на Судот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН СУД**
**Burim Sejdini**